# Провери дали во 2020тата си ДДВ обврзник



Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Република Северна Македонија

Министерство за финансии



# ИНФОРМИРАЈ СЕ ПРЕКУ НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИТЕ ПРАШАЊА

**1. Дали има промена во прагот на регистрација за цели на ДДВ?**

- Да, прагот на регистрација од почетокот на 2020 година од 1.000.000 е зголемен на **2.000.000 денари.**

**2. Какво влијание има зголемувањето на прагот кај даночните обврзници?**

- Генерално, сите даночни обврзници кои во 2019 година не го надминале прагот од 2.000.000 денари, немаат обврска да се регистрираат во системот на данокот на додадена вредност.

**3. Дали има разлика ако сум физичко или правно лице даночен обврзник?**

- Правата и обврските кои произлегуваат од Законот за ДДВ се подеднакви и за физичките и за правните лица.

**4. Дали ако сум регистриран за цели на данокот на додадена вредност во 2019 (истото се однесува и за секоја претходна година пр. 2018, 2017, 2016..), а во 2019 година немам остварено промет поголем од 2.000.000 денари, дали имам право да поднесам барање за дерегистрација од системот на данокот на додадена вредност, односно да не бидам веќе даночен обврзник регистриран за ДДВ?**

- Да, имате право да поднесете барање за дерегистрација до УЈП, меѓутоа мора да постапите на следниот начин:

1. Да поднесете барање - пријава за дерегистрација до Управата за јавни приходи, и

2. Истото да биде на соодветен образец Пријава за отповикување на регистрацијата за ДДВ (“ДДВ-01Б“ ) кој можете да го најдете на следниот **линк**.

* пријавата за дерегистрација да ја поднесете не подоцна од **15 јануари 2020 година**.

**5. Дали ако решам да останам во системот на данокот на додадена вредност и 2020 година, подоцна имам право да поднесам барање-пријава за дерегистрација за следната година?**

- Согласно измените на Законот за ДДВ, барање - пријава за дерегистрација можете да поднесете на почетокот на следната календарска година, само доколку се изминати три календарски години од кога сте регистрирани за цели на данокот на додадена вредност.

**6. Мојата фактичка состојба е малку поинаква од претходно опишаните, јас во 2019 година го надминав прагот од 1.000.000 денари во месец декември, односно до крајот на 2019 година не сум регистриран за цели на ДДВ, дали треба да поднесам пријава за регистрација за цели на данокот на додадена вредност до 15 јануари 2020 година?**

- Обврската за поднесување на пријава за регистрација зависи од тоа колку Ви беше вкупиот промет во 2019 година, следствено одговорот би бил:

* Не, доколку во 2019 година не го надминавте износот од 2.000.000 денари

* Да, доколку во 2019 година го надминавте износот од 2.000.0000 денари.

**7. Доколку имам обврска за регистрација за цели на данокот на додадена вредност до кога ми е законскиот рок во кој е потребно да ја поднесам пријавата за регистрација за цели на ДДВ?**

- Рокот за понесување на пријава за регистрација за цели на данокот на додадена вредност **е 15 јануари 2020 година**.

**8. Дали постои пропишан образец на кој се поднесува пријава за регистрација за цели на ДДВ?**

- Да, постои пропишан образец, истот може да го најдете на следниот **линк.**

**9. Како можам да ја поднесам пријавата за регистрација, односно пријавата за дерегистрација за цели на ДДВ?**

- Имате право било која од наведените пријави да ја поднесете и во хартиена и во електронска форма.

* во хартиена форма се доставува до даночна канцеларија на Управата за јавни приходи (лично или по пошта)

* во електронска форма преку следниот **линк** .